# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 6 Год. LXVI Петок, 15 јануари 2010 Цена на овој број е 210 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 41. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција.................................................. | 1 |
| 42. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за административните такси.. | 2 |
| 43. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини..... | 40 |
| 44. | **Закон** за изменување на Законот за радиодифузната дејност........................ | 54 |
| 45. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии......... | 55 |
| 46. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер............ | 56 |
| 47. | **Годишна програма** за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за 2010 година.................. | 62 |
| | **Огласен дел**................................................ | 1-32 |


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**41.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМАРСКА И ЛОВНА ИНСПЕКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за шумарска и ловна инспекција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 јануари 2010 година.

Бр. 07-115/1
12 јануари 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМАРСКА И ЛОВНА ИНСПЕКЦИЈА

Член 1

Во Законот за шумарска и ловна инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 88/2008), по членот 30 се додава нов член 30-а, кој гласи:

„Член 30-а
Постапка за порамнување

За прекршоците од членовите 29 и 30 на овој закон, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, инспекторите ќе спроведат постапка за порамнување.

Доколку сторителот го признае прекршокот инспекторот на сторителот ќе му издаде платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потпис на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати предвидената глоба.

Сторителот на прекршоците од ставот 1 на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во дадениот рок ќе плати само половина од изречената глоба утврдена во платниот налог.

Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот определен во ставот 3 на овој член инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Инспекторите се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и нивниот исход.“

Член 2

Во членот 32 ставот (2) се брише.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

---

# L I G J
# PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR INSPEKSIONIN E PYJEVE DHE GJUETISË

Neni 1

Në Ligjin për inspeksionin e pyjeve dhe gjuetisë (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 88/2008), pas nenit 30 shtohet nen i ri 30-a, si vijon:

“Neni 30-a

Procedura për barazim

Për kundërvajtjet nga nenet 29 dhe 30 të këtij ligji, para parashtrimit të kërkesës për ngritje të procedurës për kundërvajtje para gjykatës kompetente, inspektorët do ta zbatojnë procedurën për barazim.

Nëse kryerësi e pranon kundërvajtjen, inspektori kryerësit do t’i lëshojë urdhërpagesë për pagesën e gjobës së paraparë për kundërvajtje. Me nënshkrim në urdhërpagesë, konsiderohet se kryerësi i kundërvajtjes pajtohet që ta paguajë gjobën e paraparë.

Kryerësi i kundërvajtjeve nga paragrafi 1 i këtij neni, është i obliguar që ta paguajë gjobën në afat prej tetë ditësh nga dita e pranimit të urdhërpagesës, në llogari të Buxhetit të Republikës së Maqedonisë të shënuar në urdhërpagesë. Kryerësi i cili do ta paguajë gjobën në afatin e caktuar, do ta paguajë vetëm gjysmën e gjobës së kumtuar të përcaktuar në urdhërpagesë.

Nëse kryerësi i kundërvajtjes nga paragrafi 1 i këtij neni, nuk e paguan gjobën në afatin e përcaktuar në paragrafin 3 të këtij neni, inspektori do të parashtrojë kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje para gjykatës kompetente.

Inspektorët janë të obliguar që të mbajnë evidencë për procedurat e ngritura për barazim dhe përfundimin e tyre.”

Neni 2

Në nenin 32 paragrafi (2) shlyhet.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë, nga dita e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**42.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за административните такси,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 јануари 2010 година.

Бр. 07-116/1
12 јануари 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Законот за административните такси („Службен весник на Република Македонија” бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/2001, 24/2003, 19/2004, 61/2004, 95/2005, 70/2006, 92/2007, 88/2008 и 130/2008), во членот 23 зборовите: „Законот за утврдување и наплата на јавните приходи“ се заменуваат со зборовите: „Законот за даночна постапка“.

Член 2

Членот 29 се менува и гласи:

„Таксените обврзници кои во странство бараат дипломатските и конзуларните претставништва на Република Македонија да извршат работа која подлежи на плаќање такса, ја плаќаат таксата во валутата на земјата во која се наоѓа седиштето на дипломатското или конзуларното претставништво на Република Македонија, а се утврдува во евра според средниот курс на Народната банка на Република Македонија кој важи на првиот работен ден по истекот на секој месец.

Таксените обврзници кои од странство бараат органите на управата на Република Македонија да им извршат работа која подлежи на плаќање такса, ја плаќаат таксата во валутата на земјата од каде што се јавуваат, а се утврдува во евра според средниот курс на Народната банка на Република Македонија кој важи на првиот работен ден по истекот на секој месец.

По исклучок од ставовите 1 и 2 на овој член, во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија чие седиште е во земји со неконвертабилна валута, административната такса се плаќа во евра.

Таксите се пресметуваат и уплатуваат на соодветната уплатна сметка во Република Македонија од страна на дипломатските и конзуларните претставништва најдоцна до петти во тековниот месец за претходниот месец.“

Член 3

Во членот 31 став 1 точка 7 по зборовите: "меѓународни договори" сврзникот "и" се брише.

По точката 8 се додаваат две нови точки 9 и 10, кои гласат:

"9) државјани на Република Македонија кои останале без финансиски средства во странство поради кражба или губење на документи и пари и

10) државјани на Република Македонија кои се депортираат по барање на надлежниот орган во земјата на приемот."

Член 4

Членот 37 се менува и гласи:

ТАРИФА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

А. За списите и дејствата кај органите на управата во Република Македонија

| | Денари | Евра (се плаќа во денарска противвредност) |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. Поднесоци | | |
| Тарифен број 1 | | |
| 1. За барања, молби, предлози пријави и други поднесоци, ако со оваа тарифа не е пропишана друга такса | 50 | |
| Забелешка:<br>За поднесоците што се упатуваат или што им се предаваат на дипломатските или на конзуларните претставништва на Република Македонија во странство се плаќа таксата определена во одделот Б од оваа тарифа.<br>Таксата од овој тарифен број не се наплаќа за барање за издавање на уверение за движење ЕУР-1, за поднесување на царински декларации, за документи пропишани со меѓународните или меѓудржавните договори прифатени или ратификувани од страна на Република Македонија и се користат наместо царинска декларација и за запис за внесување/изнесување на стока во/од слободна зона или слободен склад. | | |
| Тарифен број 2 | | |
| 1. За жалба против решение | 250 | |
| 2. За жалба против решенија донесени од градоначалникот | 250 | |
| 2. Решенија, одобренија и дозволи | | |
| Тарифен број 3 | | |
| 1. За сите решенија за кои не е пропишана посебна такса | 250 | |
| 2. За решенија донесени од градоначалникот | 250 | |
| Забелешка:<br>Ако се донесува едно решение по барање на повеќе лица, таксата според овој тарифен број се плаќа онолку пати колку што има лица на кои им се доставува решението.<br>За решенија донесени по жалби не се плаќа такса. | | |
| Тарифен број 4 | | |
| 1. За постапка за стекнување на државјанство на Република Македонија со природување | | 20 |
| 2. Ако во постапката за стекнување на државјанство на Република Македонија со природување се донесе решение со кое се стекнува државјанство | | 80 |
| 3. За постапка за престанок на државјанство на Република Македонија | | 100 |
| Забелешка:<br>Ако во постапката се донесува решение кое се однесува за стекнување или престанок на државјанство на членови на семејство, се плаќа една такса за сите членови на семејството. | | |
| Тарифен број 5 | | |
| 1. Решение за утврдување на државјанство на Република Македонија | 150 | |
| Тарифен број 6 | | |
| 1. Решение за дополнителни запишувања и исправки во матичните книги | 150 | |
| Тарифен број 7 | | |
| 1. За издавање одобрение за постојан престој на странци во Република Македонија | | 60 |
| 2. За издавање одобрение за привремен престој на странец во Република Македонија до три месеца ... 10 евра, а за секое наредно одобрение од по три месецо по | | 15 |
| 3. За издавање на одобрение за привремен престој на странец во Република Македонија над три месеца | | 20 |
| Тарифен број 8 | | |
| 1. За дозволи и визи кои ги издава органот на управата надлежен за внатрешни работи на граничните премини. | | |
| 1) за странски државјани | | |
| а) за виза за краткорочен престој (виза Ц) и за транзитна виза (виза Б) | 2.000 | |
| б) за групна виза | 1.000 | |
| Забелешка:<br>За виза на патна исправа во која се запишани и членови на семејството на лице на кое му е издадена патна исправа се плаќа една такса.<br>Таксата од овој тарифен број се плаќа во готови пари. | | |

Тарифен број 9

| | | |
|---|---|---|
| 1. За издавање патна исправа или издавање дупликат на патна исправа за патување во странство. | | |
| 1) за државјани на Република Македонија: | | |
| а) за издавање на патна исправа на лица од 4 до 27 години | 150 | |
| б) за издавање на патна исправа на лица постари од 27 години | 250 | |
| в) за издавање на патна исправа на деца до 4 годишна возраст | 50 | |
| г) за издавање на дупликат патна исправа на лица помлади од 27 години | 250 | |
| д) за издавање на дупликат на патна исправа на лица постари од 27 години | 250 | |
| ѓ) за замена на оштетена важечка патна исправа на лица помлади од 27 години | 250 | |
| е) за замена на оштетена важечка патна исправа на лица постари од 27 години | 250 | |
| ж) за издавање на заедничка патна исправа (за секое лице) | 50 | |
| з) за издавање и продолжување на рокот на важењето на пропусницата за преминување на границата во малограничниот сообраќај | 50 | |
| ѕ) за издавање на виза на патна исправа | 150 | |
| и) за издавање на виза на колективна патна исправа (за секое лице) | 50 | |
| ј) за деловна виза (клаузула деловно) | 100 | |
| 2) за странски државјани: | | |
| а) за продолжување на виза за краткорочен престој (виза Ц) | 2.000 | |
| б) за продолжување на виза за долгорочен престој (виза Д) | 2.000 | |
| в) за издавање на патна исправа за признаен бегалец | | 10 |
| г) за издавање и продолжување на дозвола на странец со привремен и постојан престој во Република Македонија | | 15 |
| д) лична карта за признаен бегалец | | 5 |
| ѓ) лична карта за лица под супсидијарна заштита | | 5 |
| е) за издавање на пасош за странци | | 20 |

Тарифен број 10

| | | |
|---|---|---|
| 1. За дозвола за оружје | 300 | |
| 2. За дозвола за поседување на оружје | 1.000 | |
| 3. За дозвола за носење на оружје | 700 | |
| 4. За регистрирање на оружје | 200 | |
| 5. За дозвола за колекционерско оружје | 300 | |
| 6. За издавање на одобрение за набавување на колекционерско оружје | 200 | |
| 7. За издавање на потврда за оружје од Д категорија | 200 | |
| 8. За издавање на одобрение за набавување на оружје, главни делови и муниција | 200 | |
| 9. За издавање на одобрение за пренесување на спортско оружје | 100 | |
| 10. За издавање на одобрение за производство и поправка на оружје и муниција | 1.000 | |
| 11. За издавање на одобрение за основање на цивилни стрелишта | 1.000 | |
| 12. За издавање на одобрение за набавување и изнесување на оружје и муниција од Република Македонија | 600 | |
| 13. За издавање на одобрение за носење на ловечко оружје на странци за време на лов во Република Македонија | | 20 |
| 14. За издавање на потврда за поседување на оружје | 200 | |
| 15. За издавање на одобрение за внесување и носење на оружје и муниција на странци кои поминуваат низ Република Македонија издадено од дипломатско-конзуларно претставништво на Република Македонија во странство или од надлежен орган | | 20 |

Забелешка:
Такса според овој тарифен број не плаќаат воените лица, службените лица во органите за внатрешни работи и други лица кои држат и носат оружје според прописите на службата.
Таксата според овој тарифен број не се плаќа на оружје што се наоѓа кај стрелачки организации и служби за обука на граѓани, за потребите на одбраната, како и за натпреварување на стрелишта.

Тарифен број 11

| | |
|---|---|
| 1. За одобрение за полагање на возачки испит, за издавање на нова возачка дозвола за замена на возачка дозвола поради дотраеност, за пријавување на место на живеење на возачот, за издавање или продолжување на важноста на сообраќајната дозвола за моторно или приклучно возило. | 60 |
| 2. За издавање на привремена или дупликат возачка или сообраќајна дозвола за моторно или приклучно возило. | 100 |

Тарифен број 12

| | |
|---|---|
| 1. За полагање на возачки испит: | |
| а) за управување со моторни возила распоредени во категории “А” и “Е” | 250 |
| б) за управување со моторни возила распоредени во категорија “Б” и за управување со трактор | 350 |
| в) за управување со моторни возила распоредени во групите “Ц” и “Д” | 600 |

| | |
|---|---|
| г) за управување со велосипеди со мотор | 100 |
| 2) За полагање на делот од возачкиот испит што се однесува на прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата: | |
| а) за управување со моторни возила распоредени во категорија “А” | 100 |
| б) за управување со моторни возила распоредени во категорија “Б” и за управување со трактори | 250 |
| в) за управување со моторни возила, распоредени во категории “Ц” и “Д” | 350 |
| 3. За полагање на делот од возачкиот испит што се однесува на управување на моторни возила или со трактор: | |
| а) за управување со моторни возила распоредени во категорија “А” | 100 |
| б) за управување со моторни возила распоредени во категорија “Б” или управување со трактор | 170 |
| в) за управување со моторни возила распоредени во категории “Ц”, “Д” и “Е” | 250 |

Тарифен број 13

| | |
|---|---|
| 1. За акт врз основа на кој се стекнува право за да се започне со вршење на дејност | 600 |
| 2. За дозвола за работа на правно лице за вршење на дејност обезбедување на имоти и лица | 1.000 |

Тарифен број 14

| | |
|---|---|
| 1. За акт врз основа на кој се стекнува право за да се започне со вршење на дејност кој го издава градоначалникот | 600 |

Тарифен број 15

| | | |
|---|---|---|
| 1. За издавање на потврда за исполнување на техничко експлоатационите услови на возила со кои се врши превоз во патниот сообраќај (за секое возило) | 540 | |
| 2. За издавање на лиценца за вршење на одделни видови на превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај, и тоа: | | |
| 1) за општински линиски превоз на патници | 6.000 | |
| 2) за меѓуопштински линиски превоз на патници | 8.000 | |
| 3) за слободен превоз на патници | 6.000 | |
| 4) за превоз на патници за сопствени потреби | 4.000 | |
| 5) за автотакси превоз на патници | 3.000 | |
| 6) за јавен превоз на стоки | 6.000 | |
| 7) за превоз на стоки за сопствени потреби | 4.000 | |
| 8) за меѓународен линиски превоз на патници | 14.000 | |
| 9) за меѓународен слободен превоз на патници | 14.000 | |
| 10) за меѓународен превоз на патници за сопствени потреби | 4.000 | |
| 11) за меѓународен јавен превоз на стоки | 14.000 | |
| 12) за меѓународен превоз на стоки за сопствени потреби | 4.000 | |
| 13) сертификат за возач за учество во меѓународниот превоз на патници и стоки | 100 | |
| 14) сертификат за професионална компетентност на управителот и овластено лице одговорно за превоз | 200 | |
| 3. За издавање на дозвола за меѓуопштински линиски превоз на патници по примерок | 3.000 | |
| 4. За дозвола за посебен меѓуопштински линиски превоз на патници | 1.000 | |
| 5. За регистрација на линија и возен ред на превозник во меѓуопштински патен сообраќај - за секоја линија по | 600 | |
| 6. За издавање на дозвола на домашен превозник да може да врши превоз на патници на редовна линија во меѓународниот патен сообраќај за секој примерок од дозволата | 8.000 | |
| 7. За издавање на дозвола на странски превозник да може на редовна линија да врши превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај, и тоа: | | |
| 1) во билатерален сообраќај | | 350 |
| 2) во транзитен сообраќај | | 350 |
| 8. За заверка на возен ред односно ценовник на редовна линија на која домашен и странски превозник врши превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај и тоа: | | |
| 1) за домашен превозник | 1.600 | |
| 2) за странски превозник | | 45 |
| 9. За издавање на дополнителен примерок на исправка од овој тарифен број, и тоа: | | |
| 1) за домашен превозник | 600 | |
| 2) за странски превозник | | 20 |
| 10. За решение за одобрување на привремен прекин или трајно запирање на превозот на патници на редовна линија во меѓуопштински, односно во меѓународниот патен сообраќај, и тоа: | | |
| 1) за домашен превозник | 300 | |
| 2) за странски превозник | | 45 |

Тарифен број 16

| | |
|---|---|
| 1. За издавање на дозвола на домашен и странски превозник за вршење на слободен превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај, и тоа: | |
| 1) за дозвола за едно патување | 50 |
| 2) за дозвола за повеќе патувања | 100 |

Тарифен број 17

1. За издавање на дозвола за влегување, односно излегување од Република Македонија на празни автобуси заради преземање на патници и за вршење на

| | | |
|---|---|---|
| други видови вонлиниски превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај, и тоа: | | |
| 1) за домашен превозник | 1.350 | |
| 2) за странски превозник | | 70 |

Тарифен број 18

| | | |
|---|---|---|
| 1. За издавање на годишна дозвола за меѓународен превоз на стока во меѓународниот патен сообраќај за домашен превозник за секоја дозвола | 300 | |
| 2. За издавање на ЦЕМТ дозвола за меѓународен превоз на стока за домашен превозник за секоја дозвола | 6.000 | |
| 3. За издавање на месечна ЦЕМТ дозвола за меѓународен превоз на стока за домашен превозник за секоја дозвола | 500 | |
| 4. За издавање на посебна дозвола за превоз на стока (т.н. зелена дозвола) на странски превозник | | 100 |
| 5. Издавање на сертификат за стручна оспособеност на возачите на моторни возила за превоз на опасни материи | 400 | |
| 6. Издавање на сертификат за стручна оспособеност на советник за безбедност при превоз на опасни материи | 500 | |

Тарифен број 19

| | | |
|---|---|---|
| 1. За издавање на дозвола за вонреден превоз на стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај, и тоа: | | |
| 1) за домашен превозник што врши вонреден превоз на стока во внатрешен патен сообраќај | 600 | |
| 2) за странски превозник што врши вонреден превоз на стока во меѓународниот патен сообраќај, и тоа: | | |
| - во билатерален превоз - за превоз на едно влечно возило | | 45 |
| - за секое наредно влечно возило, според истото барање по | | 40 |
| 3) за транзитен превоз за едно влечно возило | | 45 |
| - за секое наредно влечно возило по истото барање уште по | | 45 |

Тарифен број 20

| | | |
|---|---|---|
| 1. За издавање на дозвола со која на странски превозник му се одобрува вршење на внатрешен превоз на стока во патниот сообраќај меѓу одделни места во Република Македонија | | 140 |

Тарифен број 21

| | | |
|---|---|---|
| 1. За издавање на дозвола за јавен превоз на патници и стока во железничкиот сообраќај | 30.000 | |
| 2. За продолжување на важноста на дозволата за јавен превоз на патници и стока во железничкиот сообраќај | 18.000 | |
| 3. За издавање на дозвола за управување со железничка инфраструктура | 60.000 | |
| 4. За издавање на решение за безбедност за управување со железничка инфраструктура | 60.000 | |
| 5. За издавање на решение за безбедност на превозник во железничкиот сообраќај | 30.000 | |

Тарифен број 22

| | | |
|---|---|---|
| 1. За издавање на согласности за поставување натписи, водоводни и други инсталации, заштитни огради и други согласности за стекнување на службености во патниот и заштитниот појас на јавните патишта | 270 | |
| 2. За издавање на сообраќајна согласност при издавање на решение за услови за градба | 2.700 | |
| 3. За издавање на сообраќајна согласност за измена на режимот на сообраќајот | 1.350 | |
| 4. За издавање на согласност за поставување на објекти во заштитниот појас на јавните патишта | 3.000 | |
| 5. За издавање на согласност за изградба на паркинг простори покрај јавните патишта | 540 | |
| 6. За издавање на одобрение за изградба на пристапен пат до јавен пат | 3.000 | |

Тарифен број 23

| | | |
|---|---|---|
| 1. За решение со кое се определува името, ознаката и повикувачкиот знак на брод: | | |
| 1) на домашно правно или физичко лице | 600 | |
| 2) на странско правно или физичко лице | | 150 |

Тарифен број 24

| | | |
|---|---|---|
| 1. За решение за кое се одобрува право на запишување на пловни објекти за внатрешна пловидба во регистарот, односно очевидецот: | | |
| 1) за пловни објекти | 300 | |
| 2) за чамци | 170 | |

Тарифен број 25

| | | |
|---|---|---|
| 1. За одобрение за полагање испит за стекнување звање и овластување на бродовите во внатрешната пловидба, за издавање уверенија за положен испит, за замена на уверението за положен испит поради дотраеност, за издавање и продолжување на важноста на бродските исправи -книги | 150 | |
| 2. За одобрение за полагање испит за управувач на чамец, за издавање уверение за положен испит, за замена на уверението поради дотраеност, за давање или продолжување на важноста на пловидбената дозвола | 100 | |

Тарифен број 26

1. За издавање уверение за стекнување звање на:
1) морнар моторист, крмар на влекач (тегленица), бродски крмар, ракувач со пливачки објект од прва класа 100
2) бродоводач на внатрешна пловидба, поручник на внатрешна пловидба, машиноводач на внатрешна пловидба, машинист на внатрешна пловидба 150
3) капетан на внатрешна пловидба, машинист на внатрешна пловидба од прва класа 200

Тарифен број 27

1. За одобрение на претпријатие, односно на друго правно и физичко лице да може да врши набавка на оружје, муниција или експлозивни материи од странство 600
2. За одобрение на претпријатие, односно друго правно лице или на странски државјанин, односно на странско правно лице да може да врши транспорт на оружје, муниција или експлозивни материјали преку границата, односно преку територијата на Република Македонија 600
3. За одобрение на претпријатие, односно на друго правно лице да може да пушта во промет експлозивни материјали на територијата на Република Македонија 600
4. За одобрение на претпријатие, односно на друго правно лице да може да врши промет на големо и мало со оружје, муниција и експлозивни материјали на територијата на Република Македонија 1.500
5. За одобрение на претпријатие, односно на друго правно лице да може да внесува странски печатени работи во Република Македонија заради растурање на странски печатени работи што по својата содржина им се наменети на граѓаните на Република Македонија 300
6. За одобрение на претпријатие, односно на друго правно лице за промет и превоз на нуклеарни суровини и материјали за да може преку границата на Република Македонија да го преземе наведениот материјал. 1.000

Тарифен број 28

1. За решение со кое се запишува во регистарот:
1) настанување на директни инвестиции на резиденти во странство - основање на трговско друштво во целосна сопственост, зголемување на главнината на друштвото во целосна сопственост, стекнување на трговско друштво во целосна сопственост, основање подружница, учество во постојано друштво или здобивање со повеќе од 10% од основниот капитал на друштвото, односно со повеќе од 10% од правото на одлучување, долгорочен заем наменет за воспоставување на трајна економска поврзаност меѓу економски поврзани субјекти 3.000
2) намалување, продажба и бришење на директната инвестиција во странство 1.300
3) промени на директната инвестиција во странство 1.100
4) ослободување од преземена обврска за годишен трансфер на определен процент на добивката од претпријатие, банка, друштво за осигурување, односно реосигурување во странство или намалување на таа обврска 1.300
2. За решение со кое се одобрува купување на девизи на девизен пазар за основачкиот влог на претпријатие, банка, друштво за осигурување, односно реосигурување во странство 1.700
3. За упис на статусни промени во Регистарот на резиденти во странство 300
4. За издавање на изводи од Регистарот на резиденти во странство за податоците од точките 1 и 2 на овој тарифен број 1.500

Тарифен број 29

1. За уверение со кое се запишува во Регистарот на воздухоплови на Република Македонија:
1) регистрација на воздухоплов 1.000
2) привремена регистрација на воздухоплов 1.000
3) бришење на воздухопловот од Регистарот 1.000

Тарифен број 30

1. За решение со кое се запишува во Регистерот:
1) договор за вложување средства во странски претпријатија 2.200
2) договор за вложување на средства заради истражување, експолоатација, обновување и одржување на минерални блага во странство 1.700
3) дополнително вложување од точките 1 и 2 на овој тарифен број 600

Тарифен број 31

1. За упис во Регистарот - отворање на претставништва односно основање на деловни единици (складишта, продавници, сервиси и слично) деловници и други форми за вршење на стопански дејности во странство 600
2. За упис во Регистарот - на статусна и друга промена во претставништва, деловна едини- 300

ца, деловница и друга форма на извршување на стопански дејности во странство

3. За решение со кое на странско лице му се одобрува отворање на претставништво, односно на огранок на претставништво во Република Македонија и се врши упис во Регистарот на претставништвата на странски лица во Македонија 50

4. За одобрение на странско претпријатие, кое има регистрирано претставништво во Република Македонија да изврши определена работа на договорена контрола на квалитетот и квантитетот на стоките во Република Македонија 25

5. За упис на статусни промени на претставништва, односно на ограноци на претставништва во Регистарот на претставништвата на странски лица во Македонија 20

Тарифен број 32

1. За решенија со кои се врши евидентирање, односно упис во соодветниот регистар:

1) за евидентирање на договор за застапување, договор за консигнација и договор за давање на сервисни услуги за одржување на увезената опрема и на трајните блага за лична потрошувачка 1.700

2) за договори за изведување на инвестициони работи во странство и договори за отстапување на изградба на инвестициони објекти на странски изведувач во Македонија 1.700

3) за договори за долгорочна производствена кооперација 1.700

4) за договори за прибавување и отстапување на право на индустриска сопственост и на знаења и искуства (Know-/how) 2.200

5) за евидентирање на анекс на договор од овој тарифен број 300

Тарифен број 33

1. За решение со кое се запишува во Регистарот:

1) настанување на директни инвестиции на нерезиденти во Република Македонија - основање на трговско друштво со целосна сопственост, зголемување на главнината на друштвото во целосна сопственост, стекнување на трговско друштво во целосна сопственост, основање подружница, учество во постојано друштво или здобивање со повеќе од 10% од основниот капитал на друштвото, односно со повеќе од 10% од правото на одлучување, долгорочен заем наменет за воспоставување на трајна економска поврзаност меѓу економски поврзани субјекти 3.000

2) намалување, продажба и бришење на директната инвестиција на нерезиденти во Република Македонија. 1.300

3) промени на директната инвестиција на нерезиденти во Република Македонија 1.100

2. За издавање на изводи од Регистарот на нерезиденти во странство за податоците од точките 1 и 2 на овој тарифен број 1.500

Тарифен број 34

1. За дејствија и акти што се преземаат пред Комисијата за заштита на конкуренцијата:

1) барање за поединечно изземање и продолжување на рок за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика 5.000

2) решение за одобрување на барање за поединечно изземање и продолжување на рок за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика 5.000

3) барање за укинување, поништување и измена на решение за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика 1.000

4) решение за укинување, поништување и измена на решение за поединечно изземање на договори, одлуки и договорена практика 1.000

5) известување за концентрација 6.000

6) решение со кое по барање на странка се утврдува дека концентрацијата не потпаѓа под одредбите на овој закон 5.000

7) решение со кое се утврдува дека концентрацијата е во согласност со одредбите на овој закон 30.000

8) барање за изземање од суспензија на концентрација 5.000

9) решение со кое се одобрува барањето за изземање од суспензија на концентрација 5.000

10) решение со кое се утврдува дека концентрацијата не е во согласност со одредбите на овој закон 5.000

11) барање за увид во списи на предмет пред Комисијата 300

12) барање да се изврши препис или фотокопија на списи од предмет пред Комисијата 300

Тарифен број 35

1. За решение по барање за утврдување на исполнетоста на условите:

1) за преглед на мерила во просториите на подносителот на барањето 750

2) за давање овластувања на подносителот на барањето за преглед на работни еталони, мерила, како и на мостри на референтни материјали опфатени со соодветната наредба 1.500

| | |
|---|---|
| 3) за испитување на предмет од скапоцени метали во просториите на подносителот на барањето | 750 |

Тарифен број 36

| | |
|---|---|
| 1. За решение по барање за утврдување на условите за издавање на решение или за запишување во Регистарот на: | |
| 1) производители на семенски и саден материјал | 1.500 |
| 2) доработувачи на семенски материјал | 1.500 |
| 3) откупувачи на тутун | 1.500 |
| 4) производители на вино | 1.500 |
| 5) вршење на ДДД мерки | 1.500 |
| 6) вршење на биолошки предиспитувања, биолошки и физичко-хемиски испитувања | 1.500 |
| 7) испитување на семенски и саден материјал пред пуштање во промет | 1.500 |
| 8) вршење на задолжителни здравствени и стручни прегледи на семенски посеви и објекти за производство на саден материјал | 1.500 |
| 9) пуштање во промет на вештачки ѓубриња на територијата на Република Македонија | 1.500 |
| 10) за решение по барање за признавање на новосоздадени, односно одобрување за воведување во производство странски сорти земјоделски и шумски растенија, со кое се врши упис во Списокот на странски или домашни сорти и хибриди земјоделски растенија за кои е одобрено воведување во производството во Република Македонија | 1.500 |

Тарифен број 37

| | |
|---|---|
| 1. За одобрение на претпријатие, односно на друго правно лице за пуштање во промет на средства за заштита на растенијата на територијата на Република Македонија | 1.000 |
| 2. За одобрение за увоз и извоз на определени земјоделски, прехранбени, шумски производи и семенски материјал | 600 |
| 3. За одобрение за увоз на лекови кои се употребуваат во ветеринарната медицина | 600 |
| 4. За одобрение за садење лозја со сорти на винско грозје и за прекалемување врз сорти што не се винско грозје | 600 |

Тарифен број 38

| | |
|---|---|
| 1. За решение за дозволи и согласности | 600 |
| 2. За издавање на копии од решенија и согласности | 600 |
| 3. За заверка на сертификат за краен корисник | 1.100 |
| 4. За решение за распределен дел на стоки на утврдена царинска квота | 600 |

Тарифен број 39

| | |
|---|---|
| 1. За одобренија за основање и работа на друштво за осигурување | 3.000 |
| 2. За давање согласност на акти на друштва за осигурување | 1.000 |
| 3. За давање согласност за измена на статут | 2.000 |
| 4. За давање согласност за стекнување на квалификуван удел во друштво за осигурување | 1.000 |
| 5. За давање согласност за членови за орган на управување | 1.000 |
| 6. За давање согласност за измена на називот на друштво за осигурување | 1.000 |
| 7. За давање согласност за отстапување на договорите за осигурување | 1.000 |
| 8. За добивање дозвола за воведување на нова класа на осигурување | 3.000 |
| 9. За добивање дозвола за пренос на осигурително портфолио | 3.000 |
| 10. За добивање дозвола за статусни измени на друштво за осигурување | 3.000 |
| 11. За добивање дозвола за отворање на филијала на странско друштво за осигурување во Република Македонија | 3.000 |
| 12. За добивање дозвола за отворање на филијала на друштво за осигурување во странство | 3.000 |
| 13. За добивање дозвола за склучување договор за пренос на значаен дел од своите активности на друго друштво за осигурување или друго правно лице | 3.000 |

Тарифен број 40

| | |
|---|---|
| 1. Решение за издавање на дозвола за работа за вршење на работи на ревизија | 2.000 |

Тарифен број 41

| | |
|---|---|
| 1. Издавање на дозволи за вршење на финансиски лизинг на домашни трговски друштва и странски трговски друштва кои имаат основано подружница во Република Македонија | 1.500 |

Тарифен број 42

| | |
|---|---|
| 1. За решение за утврдување на исполнувањето на условите на деловната просторија, и тоа: | |
| 1) за техничка опременост | 400 |
| 2) за заштита при работа | 400 |
| 3) за санитарно-хигиенски услови | 400 |

Тарифен број 43

| | |
|---|---|
| 1. За решение со кое се дава согласност на посебната документација, што се однесува на заштитата при работа | 800 |

Тарифен број 44

| | |
|---|---|
| 1. За издавање на решение за добивање на лиценца А, лиценца Б и лиценца В за вршење на туристичка дејност | 300 |
| 2. За издавање на решение за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор | 300 |

Тарифен број 45

| | |
|---|---|
| 1. За решение со кое се утврдуваат ветеринарно-санитарните услови за увоз или превоз на пратки на животни и производи, суровини и отпадоци од животинско потекло | 300 |

Тарифен број 46

| | |
|---|---|
| 1. За решение со кое се утврдува здравствената исправност на прехранбените производи и на предметите за општа употреба што се увезуваат | 500 |

Тарифен број 47

| | |
|---|---|
| 1. За дејствија и акти што се преземаат за заштита и унапредување на животната средина и природата: | |
| 1) дозволи за увоз-извоз на: | |
| - употребувана техничка стока | 1.000 |
| - употребувани гуми | 2.000 |
| - халогени деривати на јаглеводороди | 1.500 |
| - отпадни материи | 1.500 |
| - загрозени видови диви животни, растенија и габи | 1.000 |
| - други стоки под режим Д4 | 1.000 |
| 2) потврди за остварување на правото за ослободување од плаќање на царина за увоз на стоки наменети за директна заштита на животната средина и природата | 600 |
| 3) мислења за подобност на инвестиции | 600 |
| 4) овластување за вршење определени видови стручни работи за заштита и унапредување на животната средина и природата | 1.000 |
| 5) решенија за доделување на Еколошка ознака | 600 |
| 6) мислења и согласности за добивање одобренија во управната постапка | 600 |
| 7) други решенија и акти утврдени со закон или друг пропис | 600 |

Тарифен број 48

| | |
|---|---|
| 1. За дозволи за увоз и извоз на: | |
| 1) лекови, помошни лековити средства и медицински помагала | 1.000 |
| 2) отрови и прекурзори | 1.000 |
| 3) супстанции и материјали за производство на лекови, помошни лековити средства и медицински помагала | 1.000 |

Тарифен број 49

| | |
|---|---|
| 1. За барање за добивање дозвола за основање на систем за собирање и за повратен прием на искористените производи и пакувања | 50 |
| 2. За решение по барање за добивање дозвола за основање на систем за собирање и за повратен прием на искористените производи и пакувања | 1.200 |
| 3. За добивање дозвола за основање на систем за собирање и за повратен прием на искористените производи и пакувања | 20.000 |
| 4. За решение по барање за обновување на дозвола за основање на систем за собирање и за повратен прием на искористените производи и пакувања | 1.200 |

Тарифен број 50

| | |
|---|---|
| 1. За барање за добивање дозвола за складирање, третман и/или за преработка на отпадот | 100 |
| 2. За решение по барање за добивање дозвола за складирање, третман и/или за преработка на отпадот | 800 |
| 3. За дозвола за складирање, третман и/или преработка на отпадот | 9.000 |
| 4. За решение по барање за обновување на дозвола за складирање, третман и/или за преработка на отпадот | 800 |

Тарифен број 51

| | |
|---|---|
| 1. За барање за добивање дозвола за собирање и за транспортирање на комуналниот и на други видови на неопасен отпад | 50 |
| 2. За решение по барање за добивање дозвола за собирање и транспортирање на комуналниот и на други видови на неопасен отпад | 800 |
| 3. За дозвола за собирање и транспортирање на комуналниот и на други видови на неопасен отпад | 9.000 |
| 4. За решение по барање за обновување на дозвола за собирање и транспортирање на комуналниот и на други видови на неопасен отпад | 800 |

Тарифен број 52

| | |
|---|---|
| 1. За барање за добивање дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад | 200 |
| 2. За решение по барање за добивање дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад | 1.200 |
| 3. За добивање дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад | 12.000 |
| 4. За решение по барање за обновување на дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад | 1.200 |

Тарифен број 53

1. За барање за добивање дозвола за оператор на депонија 250
2. За решение по барање за добивање дозвола за оператор на депонија 1.200
3. За добивање дозвола за оператор на депонија 20.000
4. За решение по барање за обновување на дозвола за оператор на депонија 1.200

Тарифен број 54

1. За барање за добивање дозвола за оператор на инсталација за горење или согорување на отпад 250
2. За решение по барање за добивање дозвола за оператор на инсталација за горење или согорување на отпад 1.200
3. За добивање дозвола за оператор на инсталација за горење или согорување на отпад 20.000
4. За решение по барање за обновување на дозвола за оператор на инсталација за горење или согорување на отпад 1.200

Тарифен број 55

1. За барање за добивање дозвола за трговија со неопасен отпад 50
2. За дозвола за трговија со неопасен отпад 15.000
3. За решението по барање за обновување на дозвола за трговија со неопасен отпад 5.000

Тарифен број 56

1. За решение за одобрување на барање за издавање на уверение за квалитетот - цертификат на определени земјоделски и прехранбени производи во надворешно-трговскиот промет 250
2. За секој натамошен примерок уште по 60

Тарифен број 57

1. Решенија (согласности) за упатување на работници во странство за изведување на проектни договори 600

Тарифен број 58

1. За решение за знакот на производителот на предмети од скапоцени метали 1.000

Тарифен број 59

1. За потврда за исполнување на метролошки и други услови за пуштање во промет на мерила од увоз 300

3. У в е р е н и ј а

Тарифен број 60

1. За уверение, ако поинаку не е пропишано 50

Тарифен број 61

1. За уверение за давање податоци од казнената евиденција заради остварување на права во странство 100

Тарифен број 62

1. За издавање на изводи од казнената евиденција 100

Тарифен број 63

1. За уверение со кое се докажува потеклото или вредноста, количеството и квалитетот или здравствената исправност на стоките 50
Забелешка:
Оваа такса не се плаќа за странските поштенски декларации што го придружуваат спроводниот лист.

Тарифен број 64

1. За издавање на уверение за квалитетот - цертификатот на определени земјоделски и прехранбени производи во надворешно-трговскиот промет 100
2. За секој натамошен примерок уште по 50

Тарифен број 65

1. За предлог за ставање на секоја фармацевтска форма, јачина и пакување на лек и на средства за заштита на растенијата во прометот, и тоа:
- за домашен производител 13.500
- за странски производител преку овластен застапник 500
2. За предлог на нова индикација, и тоа:
- за домашен производител 7.000
- за странски производител преку овластен застапник 250
3. За предлог за ставање на биоциди во прометот,и тоа:
- за домашен производител 13.500
- за странски производител преку овластен предлагач 500

Тарифен број 66

1. За барање за обновување на одобрението за ставање на секоја фармацевтска форма, јачина и пакување на лек и на средства за заштита на растенијата во промет, и тоа:
- за домашен производител 9.500

- за странски производител преку овластен застапник 350

2. За обновување на одобрението за ставање на биоциди во промет, и тоа:
- за домашен производител 9.500
- за странски производител преку овластен предлагач 350

Тарифен број 67

1. За барање за издавање на одобрение за регистрација на секоја фармацевтска форма на традиционален хербален лек, и тоа:
- за домашен производител 8.100
- за странски производител преку овластен застапник 300

2. За барање за издавање на одобрение за регистрација на хомеопатски лек по фармацевтска форма, и тоа:
- за домашен производител 9.000
- за странски производител преку овластен застапник 350

Тарифен број 68

1. За барање за регистрирање во Регистарот на медицински помагала во Република Македонија, за медицинско помагало или група на медицински помагала, и тоа:
- за домашен производител 12.000
- за странски производител преку овластен застапник 400

Тарифен број 69

1. За барање за измена или дополнување на одобрението за ставање на лек во промет, одобрението за регистрација на традиционален хербален лек, хомеопатски лек или на одобрението за запишување на медицинско помагало, или за барање за настанати промени на документацијата на лек, традиционален хербален лек, хомеопатски лек или на медицинско помагало, средства за заштита на растенијата или за укинување на одобрението за ставање на лек во промет, одобрението за регистрација на традиционален хербален лек, хомеопатски лек, медицински помагала или на средства за заштита на растенијата и тоа:
- за домашен производител 2.000
- за странски производител преку овластен застапник 100

2. За барање за измена на одобрението за ставање на биоциди во промет или за укинување на одобрението за ставање на биоциди во промет, и тоа:
- за домашен производител 2.000
- за странски производител преку овластен предлагач 100

Тарифен број 70

1. За барање за пуштање во промет на отровите што се наменети за одржување на јавна хигиена, за дезинфекција, дезинсекција и дератизација, и тоа:
- за домашен производител 13.500
- за странски производител преку овластен застапник 650

4. Заверка, преписи и преводи

Тарифен број 71

1. За заверка на потпис и печат на исправи 50

2. За секој натамошен примерок уште по 30

Забелешка:
Заверката на потпис и печат, во смисла на овој тарифен број, се однесува и на случаите во кои органот на управата надлежен за надворешни работи заверува домашна исправа заради нејзина употреба во странство.

Тарифен број 72

1. За дупликат на исправи за завршено школување или стручна квалификација 50

Тарифен број 73

1. За препишување на службени акти или документи што се врши кај органите:
1) кога препишувањето го вршат заинтересирани лица од полутабак на оригиналот 30
2) кога препишувањето го врши органот од полутабак на оригиналот 50
3) кога органот го врши препишувањето на акти или документи на странски јазик од полутабак на оригиналот 100

Забелешка:
Како полутабак се подразбира лист хартија од две страници од нормални канцелариски формати или помал.

Тарифен број 74

1. За преводи од еден на друг јазик, ако:
1) текстот на оргиналот не надминува 100 збора 50
2) текстот на оригиналот содржи повеќе од 100 зборови се плаќа за секој цел или започнат полутабак 100

Тарифен број 75

1. За заверка на потпис, ракопис и препис:

1) за заверка на секој потпис 50
2) за заверка на автентичноста на ракописот или за заверка на препис од секој полутабак на оригиналот 50

Забелешка:
Како полутабак се подразбира лист хартија од две страници од нормален канцелариски формат или помал.
Ако ракописот, односно преписот чија заверка се врши е напишан на странски јазик, се плаќа двојна такса од точката 2 на овој тарифен број.

Тарифен број 76

1. За заверка на план 60
Забелешка:
За заверка на копија од катастарски план не се плаќа такса.

Тарифен број 77

1. За заверка на хелиографска копија за план (цртеж) се плаќа од целиот или започнат квадратен метар 50

Тарифен број 78

1. За заверка на договор чија вредност е:
- до 400.000 денари 100
- над 400.000 до 1.000.000 денари 170
- над 1.000.000 до 4.000.000 денари 250
- над 4.000.000 денари 600

Тарифен број 79

1. За заверка на полномошно 50

5. Градежни такси

Тарифен број 80

1. За издавање на извод од урбанистички план за:
а) градежни објекти до 500 м2 500
б) градежни објекти над 500 м2 750
в) далноводи со напон до 110 Кв 1.000
г) хидроелектрични и термоелектрични централи 1.200
д) депонии за опасни и штетни материи 1.500
ѓ) регулации и зафати на реките Вардар, Лепенец, Треска, Пчиња, Брегалница, Црна Река, Струмешница, Црн Дрим и Радика и брани со акумулации на другите реки и водотоци чие набљудување е задолжително според постојните прописи 1.700
е) далноводи со напон од 110 до 400 кВ магистрални и регионални патишта со објектите на нив, железнички пруги и објектите на нив, жичари за јавен сообраќај, аеродроми со придружните објекти, засолништа за посебна намена капацитет од најмалку 300 лица, регионални водоводи и регионални системи за отпадни води со објектите за пречистување на овие води, меѓународни и магистрални капацитети во телефонската, телеграфската мрежа и мрежата за пренос на податоци и гасоводи, нафтоводи, рафинерии и складишта за течни горива и течен гас 2.000
ж) бензински пумпи со придружни објекти, главни поштенски центри и радиостаници и телевизиски предаватели 2.200

Тарифен број 81

1. За поднесено барање за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија 1.500

Тарифен број 82

1. За поднесено барање за давање на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на долготраен закуп 1.800

Тарифен број 83

1. За поднесено барање за давање на градежно земјиште сопственост на Република Македонија под краткотраен закуп 1.200

Тарифен број 84

1. За поднесено барање за стекнување на право на сопственост од поранешен сопственик 1.000

Тарифен број 85

1. За поднесено барање за издавање на решение со кое се одобруваат архитектонско-урбанистички проект и урбанистички проект 3.500

Тарифен број 86

1. За поднесено барање за издавање на решение за локациски услови за градење:
- на градби од прва категорија 3.500
- на градби од втора категорија 3.000
- на градби од трета категорија 2.500
- на градби од четврта категорија 2.000
- на градби од петта категорија 1.500

Тарифен број 87

1. За акт со кој се одобруваат услови за градба за реконструкција, доградба и надградба на градежни објекти 500

Тарифен број 88

1. За поднесено барање за издавање на одобрение за градење:

- на градби од прва категорија 3.500
- на градби од втора категорија 3.000
- на градби од трета категорија 2.500
- на градби од четврта категорија 2.000
- на градби од петта категорија 1.500

Тарифен број 89

1. За акт со кој се одобрува:
а) поправка на градежен објект 500
б) реконструкција, доградба и надградба на градежен објект 800
в) пренамена од еден вид во друг вид на деловен простор 1.000
г) пренамена од станбен во деловен простор 1.500

Тарифен број 90

1. За поднесено барање за издавање на одобрение за употреба:
- на градби од прва категорија 4.500
- на градби од втора категорија 4.000
- на градби од трета категорија 3.500
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 100/2005, 19/2007 и 103/2008), во Главата II во насловот на точката 1 зборовите: “јавно радиодифузно претпријатие“ се бришат.

Член 2

Во членот 12-а зборовите: “јавното радиодифузно претпријатие и над“ се бришат.

Член 3

Во членот 12-б зборовите: “јавното радиодифузно претпријатие или“ и зборовите: “претпријатие, односно“ се бришат.

Член 4

Во членот 12-в зборовите: “над јавното радиодифузно претпријатие или“ се бришат.

Член 5

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR VEPRIMTARI RADIODIFUZIVE

Neni 1

Në Ligjin për veprimtari radiodifuzive ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 100/2005, 19/2007 dhe 103/2008), në Kreun II në titullin e pikës 1 fjalët: "ndërmarrjes radiodifuzive publike" shlyhen.

Neni 2

Në nenin 12-a fjalët: "ndërmarrjes radiodifuzive publike dhe ndaj" shlyhen.

Neni 3

Në nenin 12-b fjalët: "ndërmarrjes radiodifuzive publike ose" si dhe fjalët: "ndërmarrjes, përkatësisht" shlyhen.

Neni 4

Në nenin 12-v fjalët: "ndaj ndërmarrjes radiodifuzive publike ose" shlyhen.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e ardhshme nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**45.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Универзитет за информатички технологии,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 јануари 2010 година.

Бр. 07-119/1
12 јануари 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Член 1

Во Законот за основање на Универзитет за информатички технологии ("Службен весник на Република Македонија" број 81/2008 и 48/2009), насловот на Законот се менува и гласи:

"Закон за основање на Универзитет за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле"."

Член 2

Во членот 1 зборовите: "Универзитет за информатички технологии" се заменуваат со зборовите: "Универзитет за информатички науки и технологии "Свети Апостол Павле"".

Член 3

Во членот 2 по зборот "информатичките" се додаваат зборовите: "науки и".

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR THEMELIMIN E UNIVERSITETIT PËR TEKNOLOGJI INFORMATIKE

Neni 1

Në Ligjin për themelimin e Universitetit për Teknologji Informatike ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 81/2008 dhe 48/2009), titulli i ligjit ndryshohet si vijon:

"Ligj për themelimin e Universitetit për Shkenca dhe Teknologji Informatike "Shën Apostulli Pavle"."

Neni 2

Në nenin 1 fjalët: "Universiteti për Teknologji Informatike" zëvendësohen me fjalët: "Universiteti për Shkenca dhe Teknologji Informatike "Shën Apostulli Pavle"."

Neni 3

Në nenin 2 pas fjalës "informatike" shtohen fjalët: "shkencave dhe".

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

**46.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 јануари 2010 година.

Бр. 07-120/1
12 јануари 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Член 1

Во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ број 13/2006 и 86/2008), во членот 1 ставот (1) се менува и гласи:

„Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон (во натамошниот текст: иматели на информации).“

Член 2

Во членот 3 алинеите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„- “иматели на информации“ се органите на државната власт и други органи и организации утврдени со закон, органите на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, установите и јавните служби, јавните претпријатија, правни и физички лица што вршат јавни овластувања, утврдени со закон,

- „информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности (во натамошниот текст: информација),“.

По алинејата 4 се додаваат две нови алинеи 5 и 6, кои гласат:

„- “службено лице“ е лице вработено кај имателот на информации назначено со акт на одговорното лице, кое посредува со информациите од јавен карактер што ги создал или со кои располага имателот на информации согласно со неговите надлежности и

- „тест на штетност“ е задолжителна постапка која ја спроведува имателот на информацијата, пред да го одбие пристапот согласно со членот 6 од овој закон, а со која ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата.“

Член 3

Во членот 5 зборот “одговорното“ се заменува со зборот “службеното.“

Член 4

Во членот 6 став (1) точката 8 се брише.

Точката 9 станува точка 8.

Ставот (3) се менува и гласи:

„По исклучок од ставот (1) на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата.“

Член 5

Во членот 10 став (1) алинеја 4 по зборовите: “се однесуваат на“ се додаваат зборовите: “актите од“.

Во алинејата 6 зборот “за“ се заменува со зборот “од“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

“(3) Како начини за информирање на јавноста за својата работа, имателите на информации е потребно:

- да ги објават законските и подзаконските акти на официјалната веб страница на институцијата,

- да издаваат соопштенија до јавноста за работи преземени од нивна страна во согласност со законските надлежности,

- да објавуваат статистички податоци за својата работа,

- да ги објават извештаите за работата кои ги поднесуваат до органите надлежни за спроведување контрола и надзор и

- на друг начин предвиден со закон да ги направат достапни сите информации од јавен карактер.“

Член 6

Во членот 13 став ( 2) зборот “десет“ се заменува со зборот “пет“.

Во ставот (3) зборовите: “службена белешка“ се заменуваат со зборот “заклучок“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

“(4) Против заклучокот од ставот (3) на овој член, барателот на информација има право на жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.“

Ставот (4) станува став (5).

Член 7

Во членот 16 став (1) зборовите: „Видот и“ се бришат.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Барањето се поднесува на образецот од ставот (1) на овој член или во друга форма и на начин согласно со членот 12 став (1) од овој закон.“

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите: “не мора“ се заменуваат со зборовите: “не е должен“.

Ставовите (2), (3) и (5) стануваат ставови (3), (4) и (6).

Член 8

Во насловот на точката 6 пред членот 17 зборовите: “и одбивање“ се бришат.

Член 9

Во членот 17 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

“(4) Против заклучокот за запирање на постапката дозволена е жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.“

По ставот (4) кој станува став (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Против решението за отфрлање на барањето дозволена е жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.“

Член 10

Во членот 18 став (1) зборот "десет" се заменува со зборот "три".

Член 11

Во членот 21 став (2) по зборовите: "ако е поповолно" се додаваат зборовите: "за барателот".

Член 12

Во членот 22 ставот (3) се менува и гласи:

„Ако имателот на информацијата не постапи во рокот од ставот (1) на овој член, барателот на информацијата може да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер."

Член 13

Во членот 24 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Ако имателот на информацијата не одговори на повторното барање на барателот на информацијата, по истекот на рокот утврден со ставот (4) на овој член, барателот на информација може да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер."

Член 14

Во членот 26 став (2) зборовите: "барателот писмено се известува" се заменуваат со зборовите: "имателот на информацијата со заклучок ќе ја прекине постапката".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Против заклучокот од ставот (2) на овој член, барателот на информација може да поднесе жалба до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер."

Член 15

Во членот 28 став (2) по зборот "закон" се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Ако Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рокот од ставот (3) на овој член не донесе решение по жалбата на барателот против првостепеното решение, а не го донесе ниту во рок од седум дена по повтореното барање, барателот може да поведе управен спор."

Член 16

Во членот 30 ставот (1) се менува и гласи:

„Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст: Комисијата) е независен државен орган, кој работи и донесува одлуки во согласност со надлежностите утврдени со овој закон."

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Комисијата има својство на правно лице."

Член 17

Членот 31 се менува и гласи:

„(1) Комисијата е составена од претседател, негов заменик и три члена, кои функцијата ја извршуваат професионално со мандат од пет години и со право за повторен избор.

(2) Претседателот, заменикот и членовите ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

(3) Собранието на Република Македонија објавува јавен конкурс за избор на претседател, заменик и членови на Комисијата. Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија подготвува предлог на листа од кандидатите за претседател, заменик и членови на Комисијата и ја доставува до Собранието на Република Македонија.

(4) За претседател на Комисијата се именува лице државјанин на Република Македонија, со високо образование, осум години работно искуство во областа на информирањето и правните работи, како и да не е член на орган на политичка партија.

(5) За заменик на претседателот се именува лице државјанин на Република Македонија, со високо образование, шест години работно искуство, од кои три години во невладиниот сектор и да не е член на орган на политичка партија.

(6) За член на Комисијата се именува лице државјанин на Република Македонија, со високо образование, пет години работно искуство во областа на информирањето и правните работи и да не е член на орган на политичка партија.

(7) Претседателот ја раководи, ја застапува и ја претставува Комисијата."

Член 18

По членот 31 се додава нов член 31-а, кој гласи:

„Член 31-а

(1) Функцијата на претседателот, на заменикот и на член на Комисијата им престанува пред истекот на мандатот:

- ако престане еден од условите утврдени во членот 31 од овој закон,
- по лично барање,
- поради исполнување услови за старосна пензија утврдени со закон,
- поради смрт,
- ако со правосилна одлука му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност
- ако со правосилна судска одлука е осуден на казна затвор од над шест месеца и
- ако Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија утврди предлог за разрешување на претседателот, неговиот заменик или на член на Комисијата поради нестручно и несовесно вршење на функцијата врз основа на предлогот што го донела Комисијата со мнозинство гласови.

(2) Ако на претседателот, неговиот заменик или на член на Комисијата им престане функцијата пред истекот на мандатот согласно со ставот (1) на овој член, во рок од три месеца се избира претседател, негов заменик и член на Комисијата согласно со членот 31 од овој закон.

(3) Мандатот на лицата од ставот (2) на овој член трае до истекот на мандатот на Комисијата."

Член 19

Во членот 32 алинеја 11 зборовите: "статут, како и други" се бришат.

По алинејата 11 се додава нова алинеја 12, која гласи:

„- врши промоција на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер."

Член 20

Во членот 33 пред зборот "Комисијата" се става бројот "(1)", а реченицата: „Начинот на работа и одлучување се уредуваат со Статутот за кој согласност дава Собранието на Република Македонија." се брише.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Комисијата работи и одлучува со мнозинство од вкупниот број членови."

Член 21

Насловот на точката 5 се менува и гласи: „Секретаријат".

Член 22

Членот 34 се менува и гласи:

„(1) За вршење на стручните, административните и техничките работи на Комисијата се формира Секретаријат како стручна служба на Комисијата.

(2) Со Секретаријатот раководи генерален секретар кого го именува и разрешува Комисијата.

(3) Генералниот секретар и вработените во Секретаријатот имаат статус на државни службеници.“

Член 23

Во членот 35 зборот “надлежниот“ се заменува со зборот “Управниот“.

Член 24

Во членот 37 ставот (2) се менува и гласи:

„Извештајот од ставот (1) на овој член содржи:

- податоци за службените лица задолжени за посредување на информации кај имателите на информации,
- број на поднесени барања,
- број на позитивно одговорени барања,
- број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање,
- број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација,
- број на усвоени жалби со одлука на Комисијата,
- број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата,
- број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање,
- број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање,
- број на случаи на молчење на Комисијата,
- број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки,
- број и видови на изречени прекршочни санкции,
- број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата и
- број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд.“

Член 25

Во членот 38 зборовите: “во државна администрација“ се заменуваат со зборовите: “кај имателот на информации“.

Член 26

Насловот на Главата IX се менува и гласи: „IX. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ“.

Член 27

Членот 39 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице кај имателот на информацијата доколку не постапи во согласност со членовите 2 став (2) и 6 став (3) од овој закон.“

Член 28

Членот 40 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното, односно службеното лице кај имателот на информацијата кој ќе даде податоци во спротивност со членот 6 став (1) на овој закон, а поради тоа настанала штета за барателот, за јавноста или интересот кој се заштитува со таа информација.“

Член 29

Членот 41 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице кај имателот на информацијата кој нема да определи службено лице надлежно за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации согласно со членот 8 ставови (1) и (2) од овој закон.“

Член 30

Членот 42 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице кај имателот на информации кој нема да ја води и ажурира евиденцијата на информации со кои тој располага и нема да ги објавува на соодветен начин, достапен на барателот, согласно со членот 9 од овој закон.“

Член 31

Членот 43 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното лице кај имателот на информации ако не обезбеди за барателите простории за увид во бараните информации согласно со членот 11 од овој закон.

(2) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на службеното лице за посредување со информации кај имателот на информации, ако на барателите не им укажува помош при барањето на информациите во согласност со членот 11 од овој закон.

(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на службеното лице кај имателот на информацијата доколку побара образложение од барателот на информацијата спротивно на членот 16 став (5) од овој закон.“

Член 32

Членот 44 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на службеното лице за посредување со информации кај имателот на информацијата доколку во предвидениот рок неосновано не ја посредува информацијата согласно со членот 21 од овој закон.“

Член 33

Членот 45 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице кај имателот на информацијата кое нема да подготви годишен извештај за спроведување на овој закон и кое нема да го достави до Комисијата согласно со членот 37 од овој закон.“

Член 34

По членот 45 се додаваат два нови члена 45-а и 45-б, кои гласат:

„Член 45-а

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на одговорното, односно службеното лице кај имателот на информацијата доколку наплати пристап до бараната информација спротивно на членот 10 став (2) од овој закон.

Член 45-б

(1) За прекршоците утврдени со овој закон прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.

(2) Пред поднесување на барање за покренување на прекршочна постапка до надлежниот суд се врши порамнување, согласно со Законот за прекршоците.“

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 35

Претседателот, заменикот и членовите на Комисијата именувани согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ број 13/2006 и 86/2008) продолжуваат со работа до истекот на мандатот за кој се именувани.

Член 36

Поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер пред започнувањето на примената на овој закон ќе се завршат согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија" број 13/2006 и 86/2008).

Член 37

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јуни 2010 година.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR QASJE TË LIRË TE INFORMATAT ME KARAKTER PUBLIK

Neni 1

Në Ligjin për qasje të lirë te informatat me karakter publik ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 13/2006 dhe 86/2008), në nenin 1 paragrafi (1) ndryshohet, si vijon:

"Me këtë ligj rregullohen kushtet, mënyra dhe procedura për realizimin e së drejtës për qasje të lirë te informatat me karakter publik, me të cilat disponojnë organet e pushtetit shtetëror dhe organet dhe organizatat tjera të përcaktuara me ligj, organet e komunave, Qyteti i Shkupit dhe komunat në Qytetin e Shkupit, institucionet dhe shërbimet publike, ndërmarrjet publike, personat juridikë dhe fizikë, të cilët kryejnë autorizime publike të përcaktuara me ligj (në tekstin e mëtejmë: poseduesit e informatave)."

Neni 2

Në nenin 3 alinetë 1 dhe 2, ndryshohen si vijojnë:

"-"posedues të informatave" janë organet e pushtetit shtetëror dhe organet dhe organizatat tjera të përcaktuara me ligj, organet e komunave, Qyteti i Shkupit dhe komunat në Qytetin e Shkupit, institucionet dhe shërbimet publike, ndërmarrjet publike, personat juridikë dhe fizikë të cilët kryejnë autorizime publike, të përcaktuara me ligj,

-"informatë me karakter publik" është informata në çfarëdo lloj forme, të cilën e ka krijuar ose me të cilën disponon poseduesi i informatës, në pajtim me kompetencat e tij (në tekstin e mëtejmë: informata),".

Pas alinesë 4, shtohen dy aline të reja 5 dhe 6, si vijojnë:

"-"person zyrtar" është personi i punësuar te poseduesi i informatave, i emëruar me aktin e personit përgjegjës, i cili ndërmjetëson me informatat me karakter publik, të cilat i ka krijuar ose me të cilat disponon poseduesi i informatave, në pajtim me kompetencat e tij dhe

"-"test i dëmit" është procedura e domosdoshme të cilën e zbaton poseduesi i informatës para se ta refuzojë qasjen, në pajtim me nenin 6 të këtij ligji, e me të cilën i kontrollon pasojat ndaj interesit i cili mbrohet, përkatësisht interesit publik i cili do të arrihej me publikimin e informatës."

Neni 3

Në nenin 5 fjala "përgjegjës" zëvendësohet me fjalën "zyrtar."

Neni 4

Në nenin 6 paragrafi (1), pika 8 shlyhet.

Pika 9 bëhet pikë 8.

Paragrafi (3), ndryshohet si vijon:

"Me përjashtim nga paragrafi (1) i këtij neni, poseduesit e informatave do të lejojnë qasje te informata, pas testit të zbatuar obligativisht të dëmit me të cilin do të përcaktohet se me publikimin e informatës së atillë, pasojat ndaj interesit i cili mbrohet janë më të vogla se interesi publik i përcaktuar me ligj, që do të arrihej me publikimin e informatës."

Neni 5

Në nenin 10 paragrafi (1) alineja 4, pas fjalëve: "kanë të bëjnë me" shtohen fjalët: "aktet e".

Në alinenë 6, fjala "për" zëvendësohet me fjalën "nga".

Pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Si mënyra të informimit të publikut për punën e vet, poseduesit e informatave është e nevojshme që:

-t'i publikojnë aktet ligjore dhe nënligjore, në uebfaqen zyrtare të institucionit,

-t'i lëshojnë komunikata publikut për punët e ndërmarra nga ana e tyre, në pajtim me kompetencat ligjore,

-të publikojnë të dhëna statistikore për punën e vet,

-t'i publikojnë raportet e punës, të cilat ua parashtrojnë organeve kompetente për zbatimin e kontrollit dhe mbikëqyrjes dhe

-në mënyrë tjetër të paraparë me ligj, t'i bëjnë të arritshme të gjitha informatat me karakter publik."

Neni 6

Në nenin 13 paragrafi (2) fjala "dhjetë" zëvendësohet me fjalën "pesë". Në paragrafin (3) fjalët: "shënim zyrtar" zëvendësohen me fjalën "konkluzion".

Pas paragrafit (3) shtohet paragraf i ri (4), si vijon:

"(4) Kundër konkluzionit nga paragrafi (3) i këtij neni, kërkuesi i informatës ka të drejtë ankese te Komisioni për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë te informatat me karakter publik."

Paragrafi (4) bëhet paragraf (5).

Neni 7

Në nenin 16 paragrafi (1), fjalët: "Llojin dhe" shlyhen.

Pas paragrafit (1) shtohet paragrafi ri (2), si vijon:

"(2) Kërkesa parashtrohet në formularin nga paragrafi (1) i këtij neni, ose në formë dhe në mënyrë tjetër, në pajtim me nenin 12 paragrafi (1) i këtij ligji."

Në paragrafin (4) i cili bëhet paragraf (5), fjalët: "nuk është e domosdoshme" zëvendësohen me fjalët: "nuk është i obligueshëm".

Paragrafët (2), (3) dhe (5), bëhen paragrafë (3), (4) dhe (6).

Neni 8

Në titullin e pikës 6, para nenit 17 fjalët: "dhe refuzimi" shlyhen.

Neni 9

Në nenin 17 pas paragrafit (3) shtohet paragrafi i ri (4), si vijon:

"(4) Kundër konkluzionit për ndërprerjen e procedurës, lejohet ankesë te Komisionin për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë te informatat me karakter publik."

Pas paragrafit (4) i cili bëhet paragraf (5), shtohet paragrafi i ri (6), si vijon:

"(6) Kundër aktvendimit për refuzimin e kërkesës, lejohet ankesë në Komisionin për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë te informatat me karakter publik."

Neni 10

Në nenin 18 paragrafi (1) fjala "dhjetë" zëvendësohet me fjalën "tre".

Neni 11

Në nenin 21 paragrafi (2), pas fjalëve: "nëse është më e volitshme" shtohen fjalët: "për kërkuesin".

Neni 12

Në nenin 22 paragrafi (3) ndryshohet, si vijon:

"Nëse poseduesi i informatës nuk vepron në afatin nga paragrafi (1) i këtij neni, kërkuesi i informatës mund t'i parashtrojë ankesë Komisionit për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë te informatat me karakter publik."

Neni 13

Në nenin 24 pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5), si vijon:

"(5) Nëse poseduesi i informatës nuk i përgjigjet kërkesës së përsëritur të kërkuesit të informatës, pas skadimit të afatit të përcaktuar në paragrafin (4) të këtij neni, kërkuesi i informatës mund të parashtrojë ankesë te Komisioni për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë te informatat me karakter publik."

Neni 14

Në nenin 26 paragrafi (2), fjalët: "kërkuesi njoftohet me shkrim" zëvendësohen me fjalët: "poseduesi i informatës me konkluzion do ta ndërpresë procedurën".

Pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Kundër konkluzionit nga paragrafi (2) i këtij neni, kërkuesi i informatës mund të parashtrojë ankesë te Komisioni për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë te informatat me karakter publik."

Neni 15

Në nenin 28 paragrafi (2) pas fjalës "ligji", vihet pikë dhe fjalët deri në fund të fjalisë shlyhen.

Paragrafi (4) ndryshohet, si vijon:

"Nëse Komisioni për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë te informatat me karakter publik, në afatin nga paragrafi (3) i këtij neni, nuk merr aktvendim për ankesën e kërkuesit kundër aktvendimit të shkallës së parë, ndërsa nuk e merr as në afat prej shtatë ditësh pas kërkesës së përsëritur, kërkuesi mund të ngritë kontest administrativ."

Neni 16

Në nenin 30 paragrafi (1) ndryshohet, si vijon:

"Komisioni për mbrojtjen e së drejtës për qasje të lirë te informatat me karakter publik (në tekstin e mëtejmë: Komisioni), është organ i pavarur shtetëror, i cili punon dhe merr vendime në pajtim me kompetencat e përcaktuara me këtë ligj."

Pas paragrafit (2) shtohet paragraf ri (3), si vijon:

"(3) Komisioni e ka cilësinë e personit juridik."

Neni 17

Neni 31, ndryshohet si vijon:

"(1) Komisioni është i përbërë prej kryetarit, zëvendësit të tij dhe tre anëtarëve, të cilët funksionin e kryejnë profesionalisht me mandat prej pesë vjetësh, me të drejtë rizgjedhjeje.

(2) Kryetarin, zëvendësin dhe anëtarët i emëron dhe shkarkon Kuvendi i Republikës së Maqedonisë, me propozimin e Komisionit për çështjet e zgjedhjeve dhe të emërimeve.

(3) Kuvendi i Republikës së Maqedonisë, shpall konkurs publik për zgjedhjen e kryetarit, zëvendësit dhe anëtarëve të Komisionit. Komisioni për çështjet e zgjedhjeve dhe emërimeve i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, përgatit propozim-listë të kandidatëve për kryetar, zëvendës dhe anëtarë të Komisionit dhe ia parashtron Kuvendit të Republikës së Maqedonisë.

(4) Kryetar i Komisionit emërohet personi shtetas i Republikës së Maqedonisë, me arsim të lartë, tetë vjet përvojë pune në sferën e informimit dhe çështjeve juridike, si dhe të mos jetë anëtar i organit të partisë politike.

(5) Zëvendëskryetar emërohet personi shtetas i Republikës së Maqedonisë, me arsim të lartë, gjashtë vjet përvojë pune, nga të cilat tre vjet në sektorin joqeveritar dhe të mos jetë anëtar i organit të partisë politike.

(6) Anëtar i Komisionit emërohet personi shtetas i Republikës së Maqedonisë, me arsim të lartë, pesë vjet përvojë pune në sferën e informimit dhe punëve juridike dhe të mos jetë anëtar i organit të partisë politike.

(7) Kryetari e udhëheq, e përfaqëson dhe e prezanton Komisionin."

Neni 18

Pas nenit 31 shtohet nen i ri 31-a, si vijon:

"Neni 31-a

(1) Funksioni i kryetarit, zëvendësit dhe anëtarit të Komisionit u përfundon para skadimit të mandatit:

- nëse pushon njëri nga kushtet e përcaktuara në nenin 31 të këtij ligji,
- me kërkesë personale,
- për shkak të plotësimit të kushteve për pension sipas pleqërisë, të përcaktuara me ligj,
- për shkak të vdekjes,
- nëse me aktvendim të plotfuqishëm i është shqiptuar ndalim për kryerjen e profesionit, veprimtarisë ose detyrës,
- nëse me aktvendim të plotfuqishëm gjyqësor është i dënuar me dënim me burg prej mbi gjashtë muajsh dhe
- nëse Komisioni për çështje të zgjedhjeve dhe emërimeve i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, e vërteton propozimin për shkarkimin e kryetarit, zëvendësit të tij ose anëtarit të Komisionit, për shkak të kryerjes joprofesionale dhe pa përgjegjësi të funksionit, në bazë të propozimit që e ka miratuar Komisioni me shumicë votash.

(2) Nëse kryetarit, zëvendësit të tij ose anëtarit të Komisionit, u pushon funksioni para skadimit të mandatit në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni, në afat prej tre muajsh zgjidhet kryetari, zëvendësi i tij dhe anëtari i Komisionit, në pajtim me nenin 31 të këtij ligji.

(3) Mandati i personave nga paragrafi (2) i këtij neni, zgjat deri në skadimin e mandatit të Komisionit."

Neni 19

Në nenin 32 alineja 11 fjalët: "statut, si dhe të tjera" shlyhen.

Pas alinesë 11 shtohet alineja e re 12, si vijon:

"- e bën promovimin e së drejtës për qasjes të lirë te informatat me karakter publik."

Neni 20

Në nenin 33 para fjalës "Komisioni" vihet numri "(1)", ndërsa fjalia: "Mënyra e punës dhe vendosjes rregullohen me Statut për të cilin jep pëlqim Kuvendi i Republikës së Maqedonisë." shlyhet.

Pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Komisioni punon dhe vendos me shumicë votash nga numri i përgjithshëm i anëtarëve."

Neni 21

Titulli i pikës 5 ndryshohet si vijon: "Sekretariati".

Neni 22

Neni 34 ndryshohet, si vijon:

"(1) Për kryerjen e punëve profesionale, administrative dhe teknike të Komisionit, formohet Sekretariati si shërbim profesional i Komisionit.

(2) Me Sekretariatin udhëheq Sekretari i përgjithshëm, të cilin e emëron dhe shkarkon Komisioni.

(3) Sekretari i përgjithshëm dhe të punësuarit në Sekretariat, e kanë statusin e nëpunësve shtetërorë."

Neni 23

Në nenin 35 fjala "kompetente" zëvendësohet me fjalën "administrative".

Neni 24

Në nenin 37 paragrafi (2) ndryshohet, si vijon:

"Raporti nga paragrafi (1) i këtij neni, përmban:

- të dhëna për personat zyrtarë të obliguar për ndërmjetësim të informatave te poseduesit e informatave,
- numrin e kërkesave të parashtruara,
- numrin e kërkesave me përgjigje pozitive,
- numrin e kërkesave të refuzuara me shënimin e shkaqeve për secilën kërkesë të refuzuar,

- numrin e ankesave të parashtruara kundër vendimeve të shkallës së parë (aktvendimeve dhe konkluzioneve) të poseduesve të informatave, me përshkrim të vendimit si dhe me shënimin e shkaqeve për vendimin e miratuar, në rast të refuzimit të përsëritur të informatës së kërkuar,
- numrin e ankesave të miratuara me vendim të Komisionit,
- numrin e vendimeve të ndryshuara të shkallës së parë, pas veprimit të Komisionit,
- numrin e ankesave të refuzuara nga Komisioni dhe shkaqet e refuzimit të tyre,
- numrin e ankesave të hedhura poshtë nga Komisioni dhe shkaqet e hedhjes poshtë të tyre,
- numrin e rasteve të heshtjes së Komisionit,
- numrin e kërkesave për ngritje të procedurës për kundërvajtje dhe procedurave të ngritura për kundërvajtje,
- numrin dhe llojin e sanksioneve të shqiptuara për kundërvajtje,
- numrin e kontesteve të ngritura administrative, kundër vendimit përfundimtar të Komisionit dhe
- numrin dhe listën e vendimeve të miratuara gjyqësore, në të cilat padia e kërkuesit në kontestin administrativ është zgjidhur pozitivisht, si dhe paraqitjen e shkaqeve në të cilat bazohet vendimi i gjykatës kompetente."

Neni 25

Në nenin 38 fjalët: “në administratën shtetërore” zëvendësohen me fjalët: “te poseduesi i informatave”.

Neni 26

Titulli i Kapitullit IX ndryshohet si vijon: ”IX. DISPOZITAT PËR KUNDËRVAJTJE”.

Neni 27

Neni 39 ndryshohet, si vijon:

“Gjobë në shumë prej 1 000 deri në 2 000 euro me kundërvlerë në denarë, për kundërvajtje do t’i kumtohet personit përgjegjës te poseduesi i informatës, nëse nuk vepron në pajtim me nenet 2 paragrafi (2) dhe 6 paragrafi (3) të këtij ligji.”

Neni 28

Neni 40 ndryshohet, si vijon:

“Gjobë në shumë prej 1 000 deri në 1 500 euro me kundërvlerë në denarë, do t’i kumtohet për kundërvajtje personit përgjegjës, përkatësisht personit zyrtar te poseduesi i informatës, i cili do të japë të dhëna në kundërshtim me nenin 6 paragrafi (1) të këtij ligji, e për këtë shkak i është shkaktuar dëm kërkuesit, publikut ose interesit i cili mbrohet me këtë informatë.”

Neni 29

Neni 41, ndryshohet si vijon:

“Gjobë në shumë prej 300 deri në 500 euro me kundërvlerë në denarë, do t’i kumtohet për kundërvajtje personit përgjegjës te poseduesi i informatës, i cili nuk do të caktojë person zyrtar kompetent për ndërmjetësim gjatë realizimit të së drejtës për qasje të lirë te informatat, në pajtim me nenin 8 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji.”

Neni 30

Neni 42, ndryshohet si vijon:

“Gjobë në shumë prej 500 deri në 800 euro me kundërvlerë në denarë, për kundërvajtje do t’i kumtohet personit përgjegjës te poseduesi i informatës, i cili nuk do ta mbajë dhe azhurnojë evidencën e informatave me të cilat ai disponon dhe nuk do t’i publikojë në mënyrë adekuate të arritshme për kërkuesin, në pajtim me nenin 9 të këtij ligji.”

Neni 31

Neni 43, ndryshohet si vijon:

“(1) Gjobë në shumë prej 500 deri në 1 000 euro me kundërvlerë në denarë, do t’i kumtohet për kundërvajtje personit përgjegjës te poseduesi i informatës, nëse nuk siguron për kërkuesit hapësira për shikim në informatat e kërkuara, në pajtim me nenin 11 të këtij ligji.

(2) Gjobë në shumë prej 300 deri në 500 euro me kundërvlerë në denarë, për kundërvajtje do t’i kumtohet personit zyrtar për ndërmjetësim me informatat te poseduesi i informatës, nëse kërkuesve nuk u ofron ndihmë gjatë kërkimit të informatave, në pajtim me nenin 11 të këtij ligji.

(3) Gjobë në shumë prej 300 deri në 500 euro me kundërvlerë në denarë, për kundërvajtje do t’i kumtohet personit zyrtar te poseduesi i informatës, nëse kërkon arsyetim nga kërkuesi i informatës në kundërshtim me nenin 16 paragrafi (5) i këtij ligji."

Neni 32

Neni 44, ndryshohet si vijon:

“Gjobë në shumë prej 300 deri në 500 euro me kundërvlerë në denarë, do t’i kumtohet për kundërvajtje personit zyrtar për ndërmjetësim me informatat te poseduesi i informatës, nëse në afatin e paraparë pa arsye nuk e ndërmjetëson informatën, në pajtim me nenin 21 të këtij ligji.”

Neni 33

Neni 45, ndryshohet si vijon:

“Gjobë në shumë prej 500 deri në 800 euro me kundërvlerë në denarë, do t’i kumtohet për kundërvajtje personit përgjegjës te poseduesi i informatës, i cili nuk do të përgatisë raport vjetor për zbatimin e këtij ligji dhe të cilin nuk do t’ia parashtrojë Komisionit, në pajtim me nenin 37 të këtij ligji.”

Neni 34

Pas nenit 45, shtohen dy nene të reja 45-a dhe 45-b, si vijojnë:

“Neni 45-a

Gjobë në shumë prej 300 deri në 500 euro me kundërvlerë në denarë, do t’i kumtohet për kundërvajtje personit përgjegjës, përkatësisht personit zyrtar te poseduesi i informatës, nëse bën arkëton pagesë për qasje në informatën e kërkuar, në kundërshtim me nenin 10 paragrafi (2) i këtij ligji.

Neni 45-b

(1) Për kundërvajtjet e përcaktuara me këtë ligj, procedurë për kundërvajtje udhëheq dhe sanksione për kundërvajtje shqipton, gjykata kompetente.

(2) Para parashtrimit të kërkesës për ngritje të procedurës për kundërvajtje në gjykatën kompetente, bëhet barazimi në pajtim me Ligjin për kundërvajtje.”

DISPOZITA KALIMTARE DHE PËRFUNDIMTARE

Neni 35

Kryetari, zëvendësi dhe anëtarët e Komisionit, të emëruar në pajtim me Ligjin për qasje të lirë te informatat me karakter publik (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 13/2006 dhe 86/2008), vazhdojnë me punë deri në skadimin e mandatit për të cilin janë emëruar.

Neni 36

Kërkesat e parashtruara për qasje të lirë te informatat me karakter publik para fillimit të zbatimit të këtij ligji, do të përfundohen në pajtim me Ligjin për qasje të lirë te informatat me karakter publik (“Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 13/2006 dhe 86/2008).

Neni 37

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë”, ndërsa do të fillojë të zbatohet nga 1 qershori 2010.

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**47.**

Врз основа на член 14, став 5 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 52/09 и 114/09), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.01.2010 година, донесе

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
# ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ДРЖАВНИТЕ ПАТИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

I. Со оваа Програма се утврдуваат работите и изворите на средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на државните патишта во Република Македонија за 2010 година.

## II. ПРИХОДИ

| | |
|---|---|
| 1. Трансфер од Централниот буџет (делот од акцизата од деривати од нафта) | 2.887.969.000 |
| 2. Надоместок за употреба на јавните патишта за моторни и приклучни возила (патна такса) што се плаќа при регистрација на возилата | 660.000.000 |
| 3. Надоместок за употреба на јавен пат, негов дел или објект на патот (патарина) | 1.230.000.000 |
| 4. Други приходи (пренесени салда од денарската и посебните девизни сметки за повлекување на заеми од МФИ од 2009 год.) | 70.000.000 |
| **Вкупно I:** | 4.847.969.000 |
| 5. Странски кредити | |
| 5.1. Светска Банка | 1.200.000.000 |
| 5.2. ЕБРД | 500.000.000 |
| **Вкупно II:** | 1.700.000.000 |
| Вкупно приходи I + II: | **6.547.969.000** |

## III. Р А С Х О Д И

Средствата во висина од 6.547.969.000 денари ќе се користат за следните намени:

| | |
|---|---|
| **III.1. Потпрограма 10 АДМИНИСТРАЦИЈА** | **59.560.000** |
| 1. Плати и надоместоци | 31.160.000 |
| 2. Стоки и услуги | 24.400.000 |
| 3. Капитални расходи | 4.000.000 |
| **III.2. Потпрограма 2А ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТИШТА** | **4.334.090.000** |
| 1. Инвестиции од странски кредити | 1.700.000.000 |
| 1.1. Е-75 Куманово-Табановце | 200.000.000 |
| 1.2. Проект за регионални и локални патишта СБ | 1.000.000.000 |
| 1.3. Проект за регионални и локални патишта ЕБРД | 500.000.000 |
| 2. Сопствено учество во инвестициите со странски кредити | 314.000.000 |
| 2.1. Е-75 Куманово-Табановце | 44.000.000 |
| 2.2. Проект за регионални и локални патишта СБ | 180.000.000 |
| 2.3. Проект за регионални и локални патишта ЕБРД | 90.000.000 |
| 3. Инвестиции со сопствени средства | **1.350.090.000** |
| 3.1. К1-Р-104 Коломот - мост с. Близанско | 280.000.000 |
| 3.2. Изградба на Р-112 Коњско - Кожуф | 190.000.000 |
| 3.3. М-6 Штип - Струмица (дел. Сулдурци-Радичево) | 150.000.000 |
| 3.4. Катланово - Велес и Велес - Катланово | 150.000.000 |
| 3.5. Сигнализација, изградба на приклучоци, реконструкција и рехабилитација на регионални патни правци | 150.090.000 |
| 3.6. Клучки за поврзување со ТИРЗ (Скопје 2, Тетово и др.) | 80.000.000 |
| 3.7. М-5 Обиколница Охрид (улица Железничка) | 70.000.000 |
| 3.8. Тетово - Јажинце рехабилитација | 70.000.000 |
| 3.9. Кичево (Извор) - Дебар | 50.000.000 |
| 3.10. Дебар - Бошков мост, Дебар-гр. Албанија | 10.000.000 |
| 3.11. Св.Николе - Пробиштип | 20.000.000 |
| 3.12. Градско-Прилеп (делница Градско-Дреново) | 10.000.000 |
| 3.13. Мостови (мост - Пласница) | 30.000.000 |
| 3.14. Свлечишта (Сопиште) | 10.000.000 |
| 3.15. Патни правци до гранични премини (Лојане - Миратовац, Блато, Ќепиште - Требиште) | 30.000.000 |
| 3.16. Патни правци до манастири (Трескавец, Зрзе) | 20.000.000 |
| 3.17. Завршни работи на други делници | 30.000.000 |

| | |
|---|---|
| 4. Инвестиционо одржување на патишта | 170.000.000 |
| 5. Тековно одржување на патишта | 800.000.000 |
| III. 3. Потпрограма 20 ПАТИШТА | 2.154.319.000 |
| 6. Експропријација (Коридор 10, Коридор 8, автопати, магистрални и регионални патишта) | 200.000.000 |
| 7. Расходи за студии, проектирање, надзор, провизии, материјални и други трошоци | 530.000.000 |
| 7.1. Подготовка на проекти и физибилити студии | 315.000.000 |
| 7.2. Надзор на изградба на патишта | 120.000.000 |
| 7.3. Материјални и други трошоци и услуги | 95.000.000 |
| 8. Средства за локални патишта и улици | 330.000.000 |
| 9. Отплата на кредити | 993.900.000 |
| 9.1. Отплата на главница | 735.000.000 |
| 9.2. Отплата на камата | 258.900.000 |
| 10. Пренесени обврски од претходни години | 100.419.000 |
| - Доспеани обврски по основ на меѓународни финансиски организации (АСБ) | 100.419.000 |
| Вкупно расходи (III.1. + III.2. + III.3.): | 6.547.969.000 |

IV. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2010 година.

Бр. 19-6823/1-09
12 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Васко Наумовски,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010006